**Година 2004, октомври, број 32**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС ЗА БРУЦОШИТЕ НА МФС



На 1-ви Октомври 2004, со почеток во $12^{00}$ часот во амфитеатарот на Машинскиот факултет во Скопје се оддржа прв свечен час, со кој официјално започна академската учебна 2004/2005 година согласно новите наставни програми за четири годишни академски студии и три годишни професионални студии. На свеченоста, со свое обраќање учествуваа Министерот за образование и наука г-дин Азис Положани и Ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", проф.д-р Ѓорѓи Мартиновски.

Бруцошите ги поздрави и им посака успешни студентски денови Деканот на МФС, проф. д-р Милан Ќосевски.

## БИЛАТЕРАЛНИ НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

Во тек е Конкурсот објавен од Министерството за образование и наука за заеднички научно-истражувачки проекти со Р. Бугарија за 2005-2006 година со приоритетни области: земјоделство, биотехнологија, производство на храна; хемија, фармацевтски истражувања; заштита на животна средина; градежништво, намалување на природни непогоди.

Неопходни услови за учество се: писмена согласност од соодветна бугар-ска научно-истражувачка институција за заеднички истражувања и писмена апли-кација на проектната тема од страна на институцијата на подносителот на проектот. Краен рок за поднесување на предлог-проектите е 1 ноември 2004.

## ПРЕДАВАЊЕ

На ден 06.10.2004 год. (среда) на МФС се одржа предавање на тема: "Употреба на CFD во развојот на хидра-уличните турбини и пумпи". Предава-њето го реализираше Др. Андреј Липеј, Раководител на Групата за CFD при Турбоинститут Љубљана, Словенија.

Посетата и предавањето беше во рамките на билатералниот проект помеѓу Владите на Р.Македонија и Р.Словенија чии раководители се др. А. Липеј и проф. П. Поповски.

## МФС ИЗЛАГАЧ НА САЕМ ВО ГЕРМАНИЈА

Од 13 до 15.10.2004 Машинскиот факултет учествуваше на Меѓународниот саем за ладилна техника и климатизација (ИКК) во Нирнберг - Германија. На сопствен штанд беа презентирани компјутерски програми и книги од соодветната област.




Ова е шесто учество почнувајќи од 1994 година. Компјутерските програми ги користат 60 институции и фирми од 32 земји во светот. Организацијата на настапот ја спроведе проф. д-р Ристо Цицонков кој што е и автор на компјутерските програми.

## ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН КУРС

Од 2 до 8.10.2004 во Пампорово, Бугарија, се одржа првиот интернационален курс "Компјутерско инженерство" за земјите од југоисточна Европа, спонзориран од ДААД. На него учествуваа 15 студенти од МФС под водство на асистент м-р Драган Битраковски.

## СТУДЕНТСКА ЕКСКУРЗИЈА

Од 03 до 12.10.2004 год. група студенти од насоките ММ и МВ од МФС реализира биенална едукативна екскурзија. При тоа беа посетени фабриките MAN, MELLER, IVECO, MERCEDES, SATURNUS, REVOZ (RENAULT), во кои студентите беа запознаени со процесот на работа на

овие големи производители на возила. Годинава беше реализирана и посета на саемот за автомобили во Париз.




## ИАЕСТЕ ПРОМОЦИЈА 2004

На 27.10.2004, во Конгресната сала на хотелот "Александар Палас" се одржа презентација на активностите на ИАЕСТЕ, пред претставници на македонските фирми, со цел промоција на можностите за реализирање на стручни престои на студенти од странство. На свеченоста како специјално поканети гости со свои обраќања учествуваа Ректорот проф.д-р Ѓорѓи Мартиновски и Деканот на МФС, Проф.д-р Милан Ќосевски.

## ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ И МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

На ден 12.10.2004 година својата докторска дисертација ја одбрани м-р Доне Ташевски, асистент на МФС.

На ден 14.10.2004 година својата докторска дисертација ја одбрани м-р Златко Петрески, асистент на МФС.

На ден 20.10.2004 година својот магистерски труд го одбрани дипл. инж. Данчо Јованоски.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Атанско Тунески учествуваше со свој труд на меѓународната конференција во Банско, Р. Бугарија, од 3 до 6.10.2004. Истотака реализира и посета на Аристотел Универзитетот, Солун и посета на меѓународен саем во Атина.
2. Пом. асс. Дарко Бабунски, учествуваше со свој труд на меѓународната конференција во Банско, Р. Бугарија, од 3 до 6.10.2004.

3. Проф. д-р Делчо Јованоски, во својство на предавач на Факултетот за германско инженерство од 4 до 8.10.2004 оствари престој на Техничкиот универзитет во Софија, Р. Бугарија.

4. Проф. д-р Тодор Аџиев, во рамки на релизацијата на меѓународна соработка на 17.10.2004 оствари сту-диски престој на МФ во Белград, СЦГ.

5. Доц. д-р Софија Сидоренко реализира еднодневен престој на Факултетот за применета уметност, одел индустриски дизајн во Софија.

6. Проф. д-р Иван Мицкоски учествуваше на состанокот на координаторите на проектот мехатроника на Универзитетот во Ниш, СЦГ.

7. Доц. д-р Радмил Поленаковиќ, поради продолжување на активностите на Tempus Jep проектот реализира еднодневен престој на City колеџот во Солун.

8. Асс. м-р Ана Лазаревска остварува службено патување во Виена, Австрија и Кјото и Јокаичи, Јапонија со цел учество на семинар организиран од JAPAN INTERNATIONAL COOPERATION AGENCI (LSA) и UNDO.

## СПОРТ

Тимот на САС со тркачкото возило ќе учествува на следниот натпревар од шампионатот во автомобилизам на Македонија на кружни патеки кој ќе се одржи 30 и 31 октомври на кружната патека во Скопје. Со тоа завршува шампионатот за оваа година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**28.10.2004**
**1 СЕДНИЦА НА ННС**

**25.11.2004**
**2 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*